**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Петтото продолжение на Седумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,51 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието, господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по 76-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Бесим Догани, Али Ахмети, Фазли Велиу, Рафис Алити,Зумрете Јакупи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Нада Станчевска, Љубчо Георгиевски, Иван Анастасовски, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Соња Гелова Стојанова, Лазар Китановски, Славица Грковска, Владо Бучковски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, ме изестија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за Комитет за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон.

Процедурална интервенција најави господинот Јани Макрадули, повелете вашите три минути, господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван колеги и колешки пратеници.

Во име на пратеничката група на СДСМ најостро протестирам заради изнесените груби лаги и конссртукции, на прес конференцијата на ВМРО ДПМНЕ и очекувам пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да се огради од оваа прес конференција.

Денес во 8,18 часот, добивме промена на дневниот ред. Тоа ние го третираме како обид да се продолжи со неефикасноста на Собранието, обид да се истера опозицијата од Собранието или обид во поизицијата да се направи помалку подготвена за да присуствува на седниците.

Од друга страна, протестираме за мазохистичкиот однос што ја има пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ да ги преземе сите вини за тоа што треба и тоа што не треба, врз свој грб, за сметка на популарноста на премиерот.

На оваа прес конференција што денес ја одржа ВМРО ДПМНЕ со груби лаги и конструкции, е обид за расчистување на интерните односи внатре во ВМРО ДПМНЕ врз грбот на целиот Парламент. Затоа како пратеничка група најостро протестираме на неаргументираната и лажна прес конференција денес, изнесена од страна на ВМРО ДПМНЕ. Благодарма.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Што се однесува до оваа седница, ние објаснивме зошто е така наврапито и кои технички проблеми ги имавме. Но, треба да кажеме и тоа дека во четвртокот на дневен ред беше точно оваа точка. Значи, не е толку наврапито. Значи беше веќе на дневен ред и пратениците можеа да се подготват. Но, тоа е право на господинот Макрадули да има процедурална интервенција таква каква што има и јас тоа не можам да го негирам.

Господинот Аднан Јашари исто така се најави за процедурална интервенција, повелете.

**Аднан Јашари:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници земав збор затоа што всушност сега ќе почнеме со дебата по точка од дневниот ред која во суштина е продолжение од претходните седници, а се работи за тн., Предлог за донесување на закон за Комитетот за односи меѓу заедниците со Предлог на закон.

Имајќи го предвид фактот дека за овој предлог кој е на дневен ред, за кој ќе почнеме да раслраваме, Владата интервенираше со два амандмани со кои ние цениме дека се менува содржината, или пак суштината на текстот на овој Предлог на закон и сме на мислење дека поради оваа измена на текстот, предложените амандмани од страна на Владата најпрвин да се разгледуваат од страна на матичната комисија во Собранието. Откако ќе се разгледаат во матичната комисија на Собранието, со мислењата на оваа Комисија кои ќе бидат доставени до Собранието, да продолжи дебатната седница и да се дебатира во однос на Предлог законот за донесување на Законот за Комитет за односи меѓу заедниците. Тоа го засновам, се разбира, врз основа на тоа што е предвидено во член 76 од Деловникот за работа на Собрането. Затоа имам конкретен предлог.

Ќе повторам, да се прекине денешната седница врз основа на можноста утре да се свика матичната комисија, да се разгледаат амандманите што Владата ди доставила и утре бо 11,00 часот да продолжиме со дневниот ред на пленарната седница.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали имате поддршка од 10 пратеници?

(Имате)

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на господинот Јашари, сега да имаме прекин на денешната седница, двата амандмани да се дадат, или колку се, да ги разгледа Комисијата, а утре да продолжиме.

Гласале 55 пратеници, за гласале 24, воздржани 1, против 30.

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број, да видиме дали гласањето е валидно.

Во салата се присутни 58 пратеници.

Според тоа гласањето не е валидно.

Госпоѓо Бонева повелете, процедурално.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, одиме на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ, барам пауза од 10 минути, за координација на пратеничката група.

**Љубиша Георгиевски:** Давам 10 минути пауза за координација на пратеничкага група на ВМРО ДПМНЕ.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,34 часот)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе го повториме гласањето.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Првото гласање не беше валидно бидејќи немавме кворум.

Повторно ве повикувам да гласаме за предлогот на господинот Јашари оваа седница сега да се прекине, а материјалите да ги разгледува матичната Законодавно-правната комисија.

Кој е за предлогот на господинот Јашари.

Гласале 51 пратеник, за гласале 47, воздржани нема, против 4.

Бидејќи точниот број на пратеници е 66, го востановивме пред самото гласање, нема да ја земам под сомневање оваа бројка 51 која е за сомневање, бидејќи сите сме тука, се пребројивме и гласањето е валидно.

Според тоа, ги молам, членовите и претседателот на Законодавно-правната комисија веднаш да ја премине на организација на состанокот, бидејќи утре во 11,00 часот продолжуваме со истиот дневен ред.

Благодарам за денешната соработка.

(Седницата прекина во 17,40 часот)